**З А П И С Н И К**
**од 44-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 28.01.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12.00 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Игор Дамјановски и Катерина Огненовска. На седницата присутни беа директоротот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски, комадирот на ПС од ОН Демир Хисар Николче Јошевски и вд директорката Данка Петревска.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 43 та седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 11 „за“

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Годишен Извештај за работа за 2024 година на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар.
2. Донесување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2024 година.
3. Донесување на Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2025 година на општина Демир Хисар.
4. Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2025 година.
5. Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за уредување на земјиштето во Општина Демир Хисар за 2025 година.
6. Усвојување на Годишна Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година.
7. Усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.
8. Усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2025 година.
9. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.
10. Донесување на Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар.
11. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2024 година.
12. Донесување Решение за разрешување и именување на претставник од локалната самоуправа -член во Училишен одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.
13. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство на сите советници потоа предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на дневниот ред со три точки и тоа како точка 3.Донесување на Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2025 година на општина Демир Хисар, точка 4. Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2025 година и точка 5. Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за уредување на земјиштето во Општина Демир Хисар за 2025 година. Останатите точки редоследно ќе се поместа. Советниците немаа забелешки. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Годишен Извештај за работа за 2024 година на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар***

Годишниот Извештај за работа за 2024 година на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше Командирот на ПС од ОН Демир Хисар Николче Јошевски, при тоа напомена од податоците може да се види дека состојбата е подобрена. Никој од советниците не се пријави за дискусија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски му се заблагодари на комадирот за излагањето и соработката. Со 11 „за“ беше узвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 3. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2025 година на општина Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2025 година на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. При тоа објасни во планот за 2025 немаше планирани вработувања, во измените на планот за 2024 година покрај другите имаше планирано и за двајца пожарникари. Но овие вработувања не се реализираа во 2024 година, бидејќи не добивме согласност од Министерството за одбрана, двете вработувања кои се планирани се на испразнети работни места, и за двете вработувања финансиски средства обезбедува Министерството за одбрана. Советничката Сндра Пејковска праша дали двете се испразнети по основ на пензионирање. Претставникот Игор Дамјановски објасни едното по основ на пензионирање, а на другото се прекина работниот однос. Дискусија повеќе немаше. Со 7 „за“ и 4 „воздржани“ се донесе одлуката давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2025.

***ТОЧКА 4. Одлука за дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2025 година***

За Одлуката за дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. При тоа објасни дополнување се врши на програмата, бидеќи проектот е во завршна фаза, предходната година беше планиран во техничка документација, има обезбедено средства, се планира да се започне по еден месец. Советникот Сашо Михајловски праша кој дел од улицата Маршал Тито. Претставникот Катерина Огненовска објасни целата улица. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Одлука за дополнување на Програмата за уредување на земјиштето во Општина Демир Хисар за 2025 година***

За Одлуката за дополнување на Програмата за уредување на земјиштето во Општина Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Бидејќи предходната програма е составен дел на оваа програма измената треба да се направи и во оваа програма. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Годишна Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година***

Годишната Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година беше усвоена од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. При тоа објасни има обезбедно средства од Владата на РСМ за реконструкција на водоводна мрежа во Слепче ќе се започне на почетокот во 2025 година да се работи, исто се планира реконструкција на водоводна мрежа во Загориче и Стругово. Во 2025 година се планира селекција на отпад, платформа за електронска наплата на сметките. Советникот Јордан Кромидаровски праша зошто во програмата не е ставено Смилево за собирање на отпад, дали станува збор за печатна грешка, бидејќи таму има одлука за собирање на отпад. Исто така се планира поставување на големи контењери за каде се планирани. Директорот Гоце Мицковски објасни можеби е техничка грешка, но таму има проблем донесена е одлука за собирање на отпад, треба да се најде решение, треба да се разговара со населението. За големите контењери има план, но конкретно засега нема ништо. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се дополни и Смилево во програмата. Советникот Јордан Кромидаровски објасни задоволни се од работата на ЈКП „Комуналец“ и за чистењето на снегот добро беше завршена работата исто и сметот кај манастирот се собира нема забелешки. Советничката Марина Димитријовска праша за кога се планира да се активира електронска наплата на сметките. Директорот Мицковски објасни во постапка е треба да се заврши процедурата. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 7. Годишен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година***

Годишниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката Сандра Пејковска. Во врска со извештајот објаснување имаше вд директорката Данка Петревска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 8. Годишен план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2025 година***

Годишниот план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2025 година беше донесен од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За годишниот план објаснување имаше вд директорката Данка Петревска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен планот.

***ТОЧКА 9. Одлука за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар***

За Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар објаснување имаше вд директорката Данка Петревска. Објасни остварена е средба со директорите на училиштата, оваа корекција на цените е направена со нивна согласност. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали можи да се возат и граѓани, на релациите каде има празни места во минибусите, бидејќи нема превоз од некој населени места. Вд директорката Данка Петревска објасни не е дозволено, бидејќи нема како да се наплати, можи да се размислува за во иднина. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 10. Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар објаснување имаше вд директорката Данка Петревска. Со оваа одлука ќе се зголемат платите линеарно по 1.300 денари. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 11. Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Во врска со Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2024 година претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна дека е задовелен од

работата на советот, има конструктивност, нема пристрасност при носење одлуки, нема политика. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 12. Решение за разрешување и именување на претставник од локалната самоуправа - член во Училишен одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар***

Во врска со Решение за разрешување и именување на претставник од локалната самоуправа -член во Училишен одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Претседателката на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни разрешување се врши на членот Јасмина Василеска Перчаковска поради поднесена оставка. На комисијата имаше два предлози. Со мнозинство гласови беше прифатен предлогот Анита Цветковска од Демир Хисар за член на УО. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 4 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 13. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го запозна советниците до советот има доставено неколку барања

-Барање од жители на Сопотница кои бараат да се изгради крак на канализационата мрежа во дел од селото каде не се поврзани куќите за да можат да се приклучат на канализационата мрежа, не е голема должина. Советничката Марина Димитријовска додаде тие неколку куќи не беа опфатени со канализационата мрежа треба да му се излези во пресрет на луѓето.

Со 10 „за“ беше прифатено барањето

-Барање од МЗ Загориче и Утово

Во врска со барањето од МЗ Загориче и Утово советникот Валентин Несторoски објасни советниците се запознати со идејата за изградба на крст, ископани се темелите, пробиен е патот, потребни се средства за железната конструкција. Во барањето има наведено 4.000 евра тоа се средства кои треба да се платат, ако можи општината да ја плати таа сума или во рамките на можностите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде одобрени се 4.000 евра ако има можност општината нека му одобри и повеќе. Советникот Аце Јанкуловски предложи да не се определуваат суми да се одобри во рамките на можностите, ако нема можност наеднаш нека се плати нешто сега, нешто покасно. Со предлогот се согласи и советничката Сандра Пејковска да не се определуваат суми да биди во рамките на можностите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна никој не е против нека биди во рамките на можностите, бидејќи е поголема сума ако не можи наеднаш нека е етапно.

Со 11 „за“ беше прифатен предлогот.

-Барање од Црковниот одбор Сладуево

Црковниот одбор од Сладуево бара да му се одобрат 300.000 денари за доуредување на ентериерот на црквата. Советникот Аце Јанкуловски истакна и предходната година имаа барање му се исплатени некој средства. Претставникот од општината Александра Трајковска објасни предходната година му се исплатени 30.000 денари. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да му се одобрат 40.000 да можат да го платат авансот.

Со 11 „за“ беше прифатен предлогот.

-Барање од Лидија Крстевска од Сопотница

Лидија Крстевка од Сопотница бара финансиски средства за издавање на книга- сликовница „Среќа со панделка“.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се одобрат 10.000 денари.

Со 11 „за“ беше прифатен предлогот.

Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 203/2
25.02.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.